Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (2) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Илчо Илиев од с. Град, Делчево УП2 бр.09-40/24 од 5 февруари 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-217 од 17 септември 2021 година СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ НЕДОПУШТЕНОСТ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Илчо Илиев од с. Град, Делчево до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-40/24 од 5 февруари 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 10-217 од 17 септември 2021 година на КЕЦ Делчево, поради висината на трошокот за приклучок, поточно 160.002,00 денари за приклучок од 11kW инсталирана моќност.

Жалителот потенцира надоместок во износ од 40.000,00 денари е уплатен на 24 декември 2021 година, по што Електродистрибуција нема преземено никакви дејствија со цел реализација на приклучокот.

Според Електродистрибуција - за овој и повеќе други баратели превидено е изградба на 10 kV кабел со нова КБТС и комплетно нова нисконапонска кабелска мрежа. Во процедура е добивањето на Одобрение за градба. Урбанистичкиот план за инфраструктура е даден на јавна расправа во Општина Делчево. До 19 февруари 2024 година изминува законскиот рок. Доколку нема забелешки треба да се добие одобрен урбанистички проект и понатаму ќе се изработи Основен проект за да се добие Одобрение за градба. По добивањето на Одобрението за градба веднаш ќе се пристапи кон физичка реализација. Материјалот за изведба е обезбеден.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-40/24 од 5 февруари 2024 година со прилог:

-Полномошно од жалителот за Адвокат Кристина Стоилковска Цинцовски од Делчево
-Приговараното Решение
-Доказ за извршена уплата од 40.000,00 денари

-Имотен лист
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 19 февруари 2024 година со прилог:
-Барање за согласност за приклучок
-Извештај за пад на напон во мрежата
-Извод од ДУП
-Технички опис за реализација на решение
-Решение за легализација

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е недопуштен.

Имено, по приговараното Решение е веќе уплатено и е потпишан соодветен Договор.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–40/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**